# *Известување за изработка на Нацрт - Закон за прогласување на Кањон Матка за споменик на природата*

**1. Назив на Министерството**: Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП)

**2. Проблем:** Богатството и разновидноста на природните вредности (биодиверзитетот и геодиверзитетот) се основни причини Кањонот Матка да биде рангиран како еден од најзначајните локалитети на природно наследство во државата.

Кањонот Матка е вклучен во Националната Емералд мрежа на подрачја од посебен интерес за зачувување на ЕУ, а бројните видови од Кањонот Матка се вклучени на прилозите на ЕУ Директивата за зачувување на природните живеалишта на дивата флора и фауна (1992/43/ЕЕС) и ЕУ Директивата за зачувување на дивите птици (2009/147/ЕЗ).

Во рамки на ЕУ/УНДП проект за заштитени подрачја: „Подобрување со управување со заштитените подрачја“ (Грантова шема), во соработка на Град Скопје со УНДП и национални експерти во јуни 2020 година извршена е ревизија на Студија за валоризација на природните вредности на заштитеното подрачје – Споменик на природата Кањон Матка во поглед на предлог измена на постоечките граници и утврдување на предлог зоните во ГИС со наративни описи и дефинирање на режимот на заштита врз основа на Студија, која беше доставена до МЖСПП заедно со Предлогот за прогласување на заштитениот локалитет Кањон Матка за споменик на природа, донесен од Советот на Град Скопје, МЖСПП го изработи Нацрт-Законот за прогласување на Кањон Матка за споменик на природата.

Со прогласување на Споменик на природата Кањон Матка за заштитено подрачје се овозможува:

- зачувување на природната состојба на локалитетот Кањон Матка преку заштита на природните и други вредности

- спречување на дејствија што можат непосредно или посредно да предизвикаат нарушување на живеалиштата и екосистемите

- создавање на поволни услови за заштита, зачувување и унапредување на биолошката и пределската разновидност

- одржливо користење на природните ресурси на начин на кој не се загрозува опстанокот на живеалиштата и видовите.


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “PresvetaBogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

4. Временска рамка за изготвување на актот:

- Септември 2022 година – подготовка на Нацрт на Закон за прогласување на Кањон Матка за споменик на природата и Извештај за проценка на влијанието на регулативата;

- Септември 2022 година – Објава на Нацрт на Законот и Извештајот за проценка на влијанието на регулативата на веб страницата на МЖСПП и Енер и најава за јавни расправи;

- Од 02 до 13 Септември 2022 година– организирање на состаноци, јавни расправи, разгледување на доставените забелешки од страна на МЖСПП и работните групи и внесување на доставените забелешки;

- Ноември 2022 година – Објава на Предлог на текстот на Законот и ПВР извештајот и доставување на актот до Владата на Република Северна Македонија на меѓуресорска консултација и усвојување.

5. Засегнати страни:

1. Органи на државна управа :

- Министерство за животна средина и просторно планирање
- Министерство за култура
- Министерство за економија;
- Министерство за информатичко општество и администрација;
- Министерство за транспорт и врски;
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Министерство транспорт и врски;

2. Единици на локална самоуправа

- Град Скопје
- Општина Сарај
- Општина Сопиште
- Општина Желино


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “PresvetaBogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

3. Јавни претпријатија

- ЈП за управување и заштита на повеќенаменското подрачје Јасен, Скопје.
- ЈП Македонски Шуми
- ЈП Водовод и канализација
- ЈП Комунална хигена
- ЈП Паркови и зеленило

4. Невладини организации кои делуваат во полето на заштитата на животната средина и природата.
5. Институт за рибарство
6. Капетанија на пристаништа, Охрид
7. Риболовен сојуз на Македонија
8. Музеј на град Скопје
9. Природо-научен музеј на Македонија
10. Македонска православна црква
11. Културно-информативен центар
12. Планинарски сојуз на Македонија
13. Кајакарски сојуз на Македонија
14. Универзитет Св. Кирил и Методи

6. Начин на вклучување на засегната јавност:

- Објава на предлог- законот за коментирање на веб страницата на МЖСПП и ЕНЕР,
- Јавна расправа,
- Барања мислења и состаноци со владини институции, единици на локална самоуправа, и невладиниот сектор.


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “PresvetaBogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

7. Електронска адреса каде засегнатите страни ќе можат да ја преземат електронската верзија на предлог измените на законот и нацрт Извештајот за ПВР:

www.ener.gov.mk

www.moepp.gov.mk

8. Адреса и/или електронска адреса каде ќе можат да се достават мислењата, забелешките и сугестиите:

infoeko@moepp.gov.mk

9. Одговорно лице за контакт во министерството:

Билјана Тешева Ѓеоргиевска, раководител на Сектор за правни и општи работи

E-mail: b.tesheva@moepp.gov.mk


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “PresvetaBogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk